This project is funded by the European Union



# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА

## ПЛАТФОРМА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗАЕДНИЦАТА (ПИЗ)

Фондација Албиз Ноември 2021 Скопје

## СОДРЖИНА


I. ОПШТИ ОДРЕДБИ И СТАТУС НА ПЛАТФОРМАТА ........ 2
II. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ПЛАТФОРМАТА ........ 3
III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНКИТЕ НА ПЛАТФОРМАТА ........ 6
IV. УСЛОВИ И ПОСТАПКИ ЗА ПРИЕМ НА ЧЛЕНСТВО ........ 7
V. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЧЛЕНКИТЕ ОД ПЛАТФОРМАТА ........ 9
VI. VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ........ 10

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ И СТАТУС НА ПЛАТФОРМАТА

### Предмет на регулирање

### Член 1

1. Со овој правилник се утврдуваат правата и обврските на членките на "Платформата за инвестиции во заедницата" за меѓу-секторска соработка: граѓански, бизнис и јавен сектор и опсегот на нивната работа, начинот на одлучување, условите и постапката за зачленување, причините и постапките за исклучување од членство како и други прашања од значење за работата на платформата.

### Статус на платформата

### Член 2

1. Платформата е облик на доброволно здружување на самостојни и независни организации, претпријатија и институции коишто со досегашната работа докажале дека ги почитуваат и применуваат вредностите на платформата.
2. Платформата опфаќа организации коишто се стремат да обезбедат диверзификација на своите приходи преку генерирање на сопствени приходи од економски активности, преку соработка со деловниот и јавниот сектор и олеснет пристап до меѓународни донатори и фондови.
3. Во моментот на формирање платформата опфаќа граѓански организации, претпријатија и јавни институции од скопскиот, полошкиот, југо-источниот и југо-западниот регион од Република Северна Македонија. Во зависност од развојот на платформата, се остава можност за проширување на географскиот опфат на членството.
4. Во моментот на формирање платформата нема статус на правно лице и делува како неформална платформа. Во зависност од постигнувањата од работењето се остава можност по извесен период (не пократок од 12 месеци од функционирањето на платформата) платформата да прерасне во правен субјект согласно Законот за здруженија и фондации.

# II. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ПЛАТФОРМАТА

**Органи и тела на платформата**

**Член 3**

1. Органи на платформата се: Собрание, Управен Одбор, Секретаријат, Надзорен Одбор, Претседател-ка/Претседавач-ка.
2. За потребите на реализација на програмските цели и активности, платформата ќе формира и Секторски Комитети.
3. Во периодот на времетраење на проектот финансиран од Европската Унија, улогата на Секретаријат ја обавува Фондацијата Албиз.
4. Секоја членка на платформата одредува контакт лице и заменик за период од една година коишто во име на членката ќе контактира со платформата.
5. За остварување на својата мисија, платформата склучува Меморандуми за соработка со бизнис здруженија, комори, организации, институции, компании и медиуми.

**Состав и делување на Собранието**

**Член 4**

1. Собранието го сочинуваат сите организации, претпријатија и јавни институции коишто членуваат во платформата. Секоја членка е застапена со по 1 (еден) претставник.
2. Собранието:
   - ги усвојува стратешките документи, програмата за работа, извештаите и општите акти на платформата,
   - го избира Управниот одбор, Надзорниот одбор, Секретаријатот, Претседателот/ката и Секторските комитети,
   - одлучува за приемот и исклучувањето на членството во платформата и
   - обавува други работи определени со општите акти на платформата.

## Седници на Собранието и начин на одлучување

### Член 5

1. Редовната седница на Собранието се одржува еднаш годишно.
2. По потреба, можат да бидат свикани и вонредни седници на Собранието.
3. Редовните и вонредните седници ги закажува Секретаријатот на платформата.
4. Доколку нема доволно финансиски средства за одржување на седниците на Собранието, истите може да се обавуваат по електронски пат (преку мејлинг листата).
5. Собранието одлучува во форма на предлози, ставови, мислења, иницијативи, препораки и заклучоци.
6. Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни членки.
7. За одржување на Собранието потребно е присуство на минимум 50%+1 од вкупниот број на членки на платформата кои имаат право на гласање.
8. Гласањето е јавно, освен при изборот на Извршниот одбор, Секретаријатот и Претседателот-ката каде се гласа тајно.

## Состав и делокруг на работа Управниот одбор

### Член 6

1. Управниот одбор е извршен орган на платформата кој го сочинуваат 9 (девет) члена избрани од страна на Собранието.
2. Членките на Управниот одбор се од редовите на здруженијата, претпријатијата и јавните институции кои се членки на платформата.
3. Кандидатурата за членови на Управниот одбор е јавна, врз база на номинација и само-номинација.
4. При изборот на членовите на Управниот одбор се води сметка за еднаква географска, родова и секторска застапеност.
5. Членовите на Управниот одбор се избираат со тајно гласање, со мандат од 1 (една) година.
6. Постапката за избор на членови на Управен Одбор ја спроведува Секретаријатот.
7. Управниот одбор:
    - ги спроведува програмата и годишниот план за работа на платформата,
    - подготвува предлози за општите акти и одлуки кои ги донесува Собранието,
    - ги подготвува извештаите за работа на платформата;
    - ги свикува седниците на Собранието,
    - ја поттикнува комуникацијата помеѓу членките на платформата и
    - ги развива односите со јавноста.

## Состаноци на Управниот одбор и начин на одлучување

### Член 7

1. Управниот одбор се состанува најмалку еднаш во три месеци.
2. Доколку нема доволно финансиски средства за одржување на состаноците, истите може да се обавуваат по електронски пат (преку мејлинг листата).
3. Управниот одбор одлучува во форма на предлози, ставови, мислења, иницијативи, препораки и заклучоци.
4. Управниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство од вкупниот број на членови на Управниот одбор.
5. Гласањето е јавно, освен ако Управниот одбор не одлучи да гласа тајно.

## Претседател-ка на платформата

### Член 8

1. Претседателот/-ката ја претставува платформата и заседава со седниците на Собранието и на Управниот одбор.
2. Претседателот/-ката се бира од редовите на членките на платформата, за период од една година.
3. Позицијата на Претседател-ка е на волонтерска основа.

## Секретаријат на платформата

### Член 9

1. Секретаријатот ја координира комуникацијата и реализирањето на програмата и планот за работа на платформата.
2. Секретаријатот служи како контакт точка на платформата.
3. Во периодот до декември 2021 година улогата на Секретаријат ја обавува Албиз фондација.
4. Секретаријатот се бира од страна на Собранието врз основа на искажан интерес од една или повеќе членки на платформата.

### Надзорен одбор

### Член 10

1. Надзорниот одбор ја надгледува и следи работата на Управниот одбор.
2. Надзорниот одбор се состои од 3 (три) члена, 2 (два) члена од редовите на членките на платформата и 1 (еден) надворешен член.
3. Надзорниот одбор се избира со јавно гласање, со мандат од 2 (две) години.

### Секторски комитети

### Член 11

1. Секторските комитети претставуваат работни групи на платформата и се формираат за реализирање на конкретни програмски задачи согласно стратешките цели на платформата.
2. Секторски комитети (СК) на платформата се: СК за застапување и лобирање, СК за прибирање на средства, СК за промоција и маркетинг, СК за изготвување на предлог-проекти
3. Секој секторски комитет се состои од 5 до 7 члена, претставници на членките на платформата.
4. Членките на работните групи се бираат по принцип на само-номинација со искажан интерес за членување во комитетот и се потврдуваат со просто мнозинство со јавно гласање.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНКИТЕ НА ПЛАТФОРМАТА

### Права и обврски на членките

### Член 12

1. Членките на платформата ги имаат следните права и обврски:
   - Да учествуваат во креирањето на политиката на платформата;
   - Да покренува иницијативи и да дава предлози за активности на платформата согласно стратешкиот план и принципите на платформата;
   - Да бира, да биде избрана и да учествува во работата на органите и телата на платформата;
   - Јавно да ги застапува интересите на платформата;
   - Да дистрибуира информации за својата работа преку мејлинг листата на платформата;
   - Да прима информации и извештаи за работата на платформата и нејзините членки;

- Навремено да ги исполнува превземените задачи и да се изјаснува по предлозите на органите и телата на платформата;
- Редовно да учествува на седниците на Собранието;
- Да истапи од платформата.

2. Асоцијативните членки учествуваат во работата на телата и органите на платформата без право на глас.

# IV. УСЛОВИ И ПОСТАПКИ ЗА ПРИЕМ НА ЧЛЕНСТВО

### Услови за прием на членство на организации

### Член 13

1. Платформата е отворена за сите организации, претпријатија и јавни институции кои делуваат во јавен интерес во географските региони во коишто делува платформата.
2. Членството во платформата може да биде полноправно или асоцијативно.

### Член 14

1. За прием во полноправно членство на платформата, заинтересираната организација, претпријатие или јавна институција мора да ги исполнува следните услови:

- Да делува како правен субјект најмалку 3 (три) години;
- Активно да делува во области од јавен интерес (наспроти интересот само на своето членство);
- Да ги прифати вредностите и правилата за работа на платформата;
- Доколку заинтересираната организација, претпријатие или јавна институција е веќе постоечка мрежа, ќе биде третирана како поединечна организација.

### Член 15

1. За прием во асоцијативно членство на платформата, заинтересираната организација, претпријатие или јавна институција мора да ги исполнува следните услови:

- Да делува како правен субјект најмалку 6 месеци;
- Активно да делува во области од јавен интерес (наспроти интересот само на своето членство);
- Да ги прифати вредностите и правилата за работа на платформата;
- Доколку заинтересираната организација, претпријатие или јавна институција е веќе постоечка мрежа, ќе биде третирана како поединечна организација.

## Покренување на постапка за прием во членство

### Член 16

1. Заинтересираната организација, претпријатие или јавна институција доставува писмо на намера и барање за прием со кое се приложува:
   - писмена изјава за бараниот облик на членство (полноправно или асоцијативно);
   - писмена документација која ги потврдува горенаведените услови (на пр. статут, стратешки план, годишни извештаи, медиумска архива итн) ;
   - писмена изјава за прифаќање на вредностите и правилата за работа на платформата.
1. Организациите, претпријатијата или јавните институции коишто се вклучени во процесот на создавање на платформата, своето членство го реализираат преку приложување на писмена изјава за прифаќање на вредностите и правилата за работа на платформата.
2. Целокупната документација треба да биде потпишана и заверена од страна на овластениот застапник на организацијата, претпријатието или јавната институција.
3. Целокупната документација се доставува до Секретаријатот на платформата.

## Постапка за донесување на одлука за членство

### Член 17

1. Секретаријатот ја проверува документацијата доставена од заинтересираната организација, претпријатие или јавна институција по однос на критериумите за членство.
2. Во процесот на проверка на документацијата, Секретаријатот може да ги консултира Управниот одбор, како и да побара дополнителна документација од заинтересираната организација, претпријатие или јавна институција со цел да се согледаат фактите за делувањето на организацијата.
3. Секретаријатот ја доставува документацијата си мислење до Управниот одбор.
4. Управниот одбор дава предлог за одлука за прием која ја потврдува Собранието на платформата.
5. Потврдата на одлуката се врши на првата наредна седница на Собранието или преку мејлинг листа (доколку Собранието не може да се состане).
6. Одлуката за прием се донесува со просто мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Собранието (50% + 1).

### Рокови за донесување на одлука за членство

### Член 18

1. Предлог одлуката за прием на членство Управниот одбор ја донесува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на документацијата.
2. Потврдата на одлуката за прием Собранието ја донесува првата наредна седница на Собранието од приемот на предлогот на одлуката од Управниот одбор.

### Образложение на одлуката

### Член 19

1. Одлуката за прием на членство мора да биде образложена и доставена во писмена форма до организацијата или претпријатието кои аплицирала за членство.

## V. УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ЧЛЕНКИТЕ ОД ПЛАТФОРМАТА

### Причини за исклучување од платформата

### Член 20

1. Членката на платформата може да биде исклучена од платформата доколку постои најмалку една од следните причини:
   - Членката самата побара да истапи од членство;
   - Јавно дејствување спротивно на принципите на платформата;
   - Активност спротивна на принципите на платформата, на другите акти на платформата, одлуките на Собранието на платформата  или одлуките на Управниот одбор;
   - Неизвршување на обврските во спроведувањето на заеднички проект на платформата;
   - Отсуствување најмалку три пати од седниците на Собранието, а притоа не делегира заменик.
   - Континуирано нарушување на односите во рамки на платформата;
   - Нанесување на штета на угледот на платформата или некоја од членките на истата; и
   - Злоупотреба на платформата за лични интереси согласно правилникот.

**Процедура за исклучување од членство**

**Член 21**

1. Постапка за исклучување од членството во платформата може да покрене секоја членка на платформата, со аргументиран предлог кој се доставува до Управниот одбор.
2. По прием на предлогот, Управниот одбор го разгледува и доколку утврди дека е уредно аргументиран доставува писмо до организацијата, претпријатието или јавната институција за кое се бара исклучување. Со писмото се информира организацијата или претпријатието за наведените причини за исклучување и од неа се бара да се изјасни.
3. Рокот за изјаснување на организацијата е 15 дена. Доколку организацијата, претпријатието или јавната институција не се изјасни во дадениот рок, Управниот одбор може да превземе последователни чекори;
4. По приемот на изјаснувањето, Управниот одбор ги разгледува и проценува наодите содржани во изјаснувањето, и се консултира со сите членки на платформата доколку е потребно.
5. Доколку врз основа на утврдените факти се заклучи дека постојат причини за исклучување, Управниот одбор утврдува предлог за исклучување.
6. Образложениот предлог за исклучување Управниотодбор го доставува до Собранието.

**Одлука за исклучување**

**Член 22**

1. Одлуката за исклучување ја донесува Собранието.
2. За донесување на одлука од став 1 на овој член потребно е мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието (50% + 1).
3. Одлуката за исклучување мора да биде образложена.
4. Одлуката за исклучување е конечна и стапува во сила веднаш.
5. Одлуката на Собранието се доставува на членката на платформата за чие исклучување е донесена одлука и јавно се објавува на веб страната на платформата

# VI. VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

1. Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и постапка кои се предвидени со неговото усвојување.
2. Правилникот стапува на сила од денот на усвојување.
3. Правилникот се објавува на веб страната на платформата.